Дневни билтени

2015
Февруари
Март
Април
Мај
Јуни
Јули
Август
Септември
Октомври
Ноември
Декември

2016
2017
2018
2019
2020
2021
2022
2023

Извадок на дел од дневните настани 04.09.2023

На 03.09.2023 на ул.„Караорман“ во Битола, полициски службеници од Полициската станица Битола, врз основа на наредба од Основен суд Битола, го лишиле од слобода Н.А.(52) од Битола. Тој бил баран по централна потерница за издржување затворска казна. Лицето било спроведено во Казнено - поправната установа Затвор Битола за издржување на казната.

На 03.09.2023 во 22.10 часот на подрачје на Гази Баба, полициски службеници го лишиле од слобода Е.Б.(28) од с.Арачиново, скопско, затоа што кај него била пронајдена и одземена марихуана. По целосно документирање на случајот ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 03.09.2023 во 21.55 часот на подрачје на Аеродром, полициски службеници го лишиле од слобода Д.Г.(20) од Скопје затоа што кај него била пронајдена и одземена марихуана. По целосно документирање на случајот ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 03.09.2023 околу 17.00 часот на улица „Илинденска“ во Тетово, полициски службеници на СВР Тетово ги лишиле од слобода А.С.(18), Е.Ј.(18) од Гостивар и Е.С.(19) и С.Ш.(19) од село Врбјане. При нивен и преглед на возилото „форд фиеста“ со гостиварски регистарски ознаки, кое го управувал Е.С., била пронајдена и одземена марихуана. Четворицата биле задржани во Полициската станица Тетово за расчистување и документирање на случајот, по што ќе следуваат поднесоци.

На 03.09.2023 во 20.40 часот на подрачје на Карпош, полициски службеници го лишиле од слобода Ф.П.(27) од Скопје затоа што кај него била пронајдена и одземена марихуана. По целосно документирање на случајот ќе биде поднесен соодветен поднесок.

Во текот на месец август 2023 година спроведени беа сообраќајни контроли на територијата на Република Северна Македонија за санкционирање на прекршоци што ги прават возачите на мотоцикли, при што санкционирани се 1610 возачи. Од нив, 999 возачи не користеле заштитна кацига за време на возење, 313 возеле без возачка дозвола, 50 мотоцикли биле одземени поради истечена сообраќајна дозвола и предизвикување голема бучава...

Во текот на вчерашниот ден (03.09.2023) Министерството за внатрешни работи спроведе засилена акциска контрола на територијата на Република Северна Македонија за санкционирање на возила кои се движат со брзина поголема од дозволената, при што санкционирани се 339 возачи. Од нив 21 возило се движело со брзина над 50 километри на час повеќе од дозволеното, а четири возила се движеле со дури над 70 километри на час повеќе од дозволената брзина. Притоа 158 возила ја пречекориле брзината во населено место, а 181 надвор од населено место.

Секторот за внатрешни работи Скопје во текот на вчерашниот ден (03.09.2023) продолжи со контролите во областа на сообраќајот. На територија на град Скопје изречени се вкупно 136 мерки, меѓу кои за возење повеќе од дозволената брзина 60 санкции, 17 мерки за возење без возачка дозвола, три санкции за прекршоци што ги прават возачите на мотоцикл. Изречени се седум мерки за користење мобилен телефон при возење, пет санкции управување под дејство на алкохол...

На 03.09.2023 околу 19.20 часот во ОВР Кичево било пријавено дека на регионалниот пат Кичево-Осломеј, во близина на с.Мамудовци, патничко моторно возило „фолксваген пасат“ со кичевски регистарски ознаки, управувано од Н.Ј.(56) од с.Стрелци, излетало од патот. Во несреќата, возачот Н.Ј. се здобил со тешки телесни повреди, а сопатникот Н.Ј.(64) од с.Гарани се здобил со телесни повреди, констатирани во Медицински центар Кичево. Увид на местото на несреќата извршила увидна екипа на ОВР Кичево.

На 03.09.2023 околу 21.30 часот во ОВР Кичево било пријавено дека на ул.„11 Септември“ во Кичево, патничко моторно возило „ауди“ со кичевски регистарски ознаки, управувано од М.Ш.(37) од Кичево, удрило во пешакот М.С.(57) од Кичево. По несреќата, М.С. била пренесена во Општата болница Кичево каде ѝ биле констатирани тешки телесни повреди. Увид на местото на несреќата извршила увидна екипа на ОВР Кичево.

На 03.09.2023 околу 10.55 часот во СВР Тетово било пријавено дека на бул.„Благоја Тоска“ во Тетово, патничко моторно возило „фолксваген голф“ со тетовски регистарски ознаки, управувано од Р.А.(65) од с.Ѓермо, удрило во пешакот М.А.(82) од Тетово. По несреќата, М.А бил пренесен во Клиничка болница Тетово каде му биле констатирани тешки телесни повреди. Увид на местото на несреќата извршила увидна екипа на СВР Тетово.

На 03.09.2023 во 23.05 часот во СВР Тетово било пријавено дека на булевар „Маршал Тито“ во Тетово, патничко моторно возило „ауди А6“ со тетовски регистарски ознаки, управувано од Л.Љ.(25) од Тетово, удрило во пешакот А.Ѓ.(61) од Тетово. По несреќата, А.Ѓ. бил пренесен во Клиничка болница Тетово каде му биле констатирани тешки телесни повреди. За настанот е запознаен Јавен обвинител, а увид на местото извршила увидна екипа од СВР Тетово.

На 03.09.2023 во 12.10 часот во Полициската станица Карпош, К.М.(28) од Скопје пријавил дека на кеј од река Вардар во населба Влае во Скопје бил каснат од куче скитник.

На 03.09.2023 во 11.00 часот во Полициската станица Гази Баба, И.Д.(34) пријавил дека во парк шума Гази Баба во Скопје бил каснат од куче скитник.

На 04.09.2023 околу 08.00 часот во Богданци, полициски службеници од Секторот за меѓународна полициска соработка – Отсек потраги го лишиле од слобода Д.Ј.(26) од Богданци. Тој бил баран по потерница врз основа на наредба на Казнено-поправната установа Затвор Идризово поради бегство од установата. Лицето било осудено на четири години и девет месеци казна затвор за сторено кривично дело по член 418 од Кривичниот законик, а имал за доиздржување три години и еден месец од казната. Д.Ј. бил спроведен во Казнено-поправната установа Затвор Идризово за доиздржување на казната.

На 03.09.2023 во 18.50 на подрачје на Центар, полициски службеници од Полициската станица Центар лишиле од слобода од слобода малолетник од Скопје. Тој се сомничи дека во текот на денот на „ул.„Народен фронт“ во Скопје одзел мобилен телефон од друг малолетник од Скопје. Лицето било задржано во полициска станица, а одземеното било пронајдено и вратено на сопственикот. По целосно документирање на случајот, против него ќе биде поднесена соодветна пријава

На 03.09.2023 во 19.30 часот на улицата „Партизанска“ во Охрид, полициски службеници од СВР Охрид го привеле М.С.(32) од Хрватска затоа што кај него била пронајдена и одземена марихуана. По целосно документирање на случајот, против него ќе биде поднесена соодветна пријава.

Единицата за економски и компјутерски криминал при СВР Скопје поднесе кривична пријава против М.И.(29) од с.Пекљане, виничко, поради постоење основи на сомнение за сторени кривични дела „измама“ и кривично дело „фалсификување пари“. Имено, на почетокот на јуни 2023 година, жена од Скопје објавила оглас за продажба на мобилен телефон, по што пријавениот и се јавил и се договориле да го купи телефонот. Откако ѝ дал четири банкноти од по 100 евра таа се посомневала во нивната исправност и настанот го пријавила во полициска станица. А по извршените проверки било утврдено дека парите се фалсификат.

На 03.09.2023 во 18.35 часот на подрачје на Аеродром, полициски службеници од Полициската станица Аеродром го лишиле од слобода Р.Д. (39) од Скопје. Тој се сомничи дека на 03.09.2023 околу 18.00 часот во лифт од станбена зграда на подрачје на Аеродром, допирал по телото 27-годишна жена која живеела во зградата. По целосно документирање на случајот ќе следува соодветен поднесок.

Во текот на изминатиот викенд, полициски службеници од Куманово спроведоа акциска контрола за санкционирање на возачи кои не ги почитуваат сообраќајните прописи, при што на подрачјето на Куманово санкционирани се вкупно 89 возачи. Од нив, 53 управувале возило со брзина поголема од пропишаната, 23 санкции се изречени за возачи кои управувале возило под дејство на алкохол, 9 за управување возило без возачка дозвола и 4 за возачи кои управувале мотоцикли без заштитна опрема. Кај еден од санкционираните за возење под дејство на алкохол биле измерени 3.64 промили.

Секторот за внатрешни работи Тетово, вчера (3 септември) од 14.00 до 22.00 часот спроведе акциска контрола за санкционирање на прекршоците што ги прават мотоциклистите. При контролата, биле откриени и санкционирани вкупно 35 прекршоци (ТЕ-23 и ГВ-12). Најголемиот број од нив (ТЕ-15 и ГВ-2) се однесувале на некористење заштитна кацига, 8 лица (ТЕ-5 и ГВ-3) ги управувале мотоциклите без возачки дозволи, 5 (ТЕ-1 и ГВ-4) без осигурителни полиси и така натаму. На прекршителите им се изготвени соодветни поднесоци и тие ќе се соочат со парични глоби кои, зависно од видот на прекршокот, се движат од 50 до 250 евра во денарска противвредност. При контролата, исто така, биле санкционирани и 18 (ТЕ-6 и ГВ-12) други видови сообраќајни прекршоци.

На 03.09.2023 во периодот од 12.00 до 18.00 часот на подрачјето на СВР Охрид преземени се засилени сообраќајни контроли во патниот сообраќај. Притоа, полициските службеници затекнале и санкционирале 31 возачи, кои во и надвор од населено место, управувале моторни возила со брзина поголема од дозволената (Охрид-11, Струга-15, Дебар-05).

На 03.09.2023 во 13.20 часот во Полициската станица Аеродром, Д.Д.К.(48) од Скопје пријавила дека во 09.00 часот на подрачје на Аеродром, поради нарушени меѓусоседски односи, била физички нападната од М.Б. (31) од Скопје. По целосно документирање на случајот ќе следува соодветен поднесок.

На 03.09.2023 во 17.50 часот во Полициската станица Карпош, А.М.(62) од Скопје пријавил дека околу 15.00 часот на подрачје на Карпош, со остар предмет бил нападнат од неговиот сосед В.К.. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 03.09.2023 во 12.30 часот во Полициската станица Гази Баба, М.С.(24) од с.Трубарево, скопско, пријавила дека околу 12.15 часот, поради меѓусебно нетрпение, била физички нападната од Е.А.(23) од с.Трубарево. По целосно документирање на случајот ќе следува соодветен поднесок.

На 01.09.2023 во 16.00 часот во Полициската станица Чаир било пријавено дека на 01.09.2023 околу 14.30 часот во Казнено-поправната установа Затвор Скопје, Л.Д.(31) од с.Гошинце, липковско, со тврд предмет го нападнал Е.А.(28) од с.Брест, скопско, двајцата на издржување затворски казни во установата. По целосно документирање на случајот ќе следува соодветен поднесок.

Денеска (04.09.2023) во 00.50 часот во Полициската станица Бит Пазар, И.А.(43) од Скопје пријавил дека на 03.09.2023 околу 20.20 часот на подрачје на Чаир, неговиот малолетен син бил физички нападнат од едно малолетник. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 03.09.2023 во Полициската станица Ѓорче Петров било пријавено дека околу 18.00 часот во угостителски објект во с.Кучково, скопско, бил нарушен јавниот ред и мир со физичка пресметка помеѓу Ж.Н.(42) и П.Н.(39), двајцата од Скопје. По целосно документирање на случајот ќе следува соодветен поднесок.

На 02.09.2023 во Полициската станица Шуто Оризари, било пријавено дека од домот се оддалечил А.А. (17) од Скопје. Се преземаат мерки за пронаѓање на лицето.

На 03.09.2023 во 12.45 часот во СВР Охрид, К.П.(38) ОД Охрид пријавила дека на улица „Кленоец“ во Охрид била касната од куче скитник.

На 03.09.2023 во 18.00 часот во Полициската станица Драчево било пријавено дека во с.Студеничани, скопско, настанал пожар на електрична кутија, сопственост на ЕВН – Македонија.Екипа на Бригадата за противпожарна заштита Скопје го изгаснала пожарот.

На 03.09.2023 во 19.20 часот во полициското одделение во кичевското село Осломеј, И.Т.(42) од селото Црвивци пријавил дека во селото, неговиот малолетен син бил каснат од куче скитник.

СВР Битола поднесе кривична пријава против П.П.(35) од Македонски Брод поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „недозволено изработување, држење, посредување и тргување со оружје или распрскувачки материи“. На 09.02.2023 во Македонски Брод, полициски службеници извршиле претрес во неговиот дом , при што пронашле и одзеле пет куршуми калибар 7,9 мм, седум рамки од автоматска пушка и 90 куршуми маневарска муниција калибар 7,62 мм.

Секој упад и злоупотреба на веб страницата на МВР е казнив по член 251 од КЗ на Република Северна Македонија

Министерство за внатрешни работи на Република Северна Македонија, ул.Димче Мирчев бр.9, 1000 Скопје.
тел: +389 (0)2 3 117 222 факс: (02)3112468 е-пошта: kontakt@moi.gov.mk

Изработено од Унет